**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ПРВ КВАРТАЛ, 2019 ГОДИНА

април 2019 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1,2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, умерено послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-зголемување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити и нето-зголемување на побарувачката, слично како и во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, слично како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, наспроти мало нето-зголемување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: нето-олеснување на кредитните услови, но посилно во споредба со претходната анкета и нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, наспроти очекувања за нето-намалување во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, умерено послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: непроменетост на побарувачката на кредитите на претпријатијата, наспроти нето-намалување на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити наспроти нето-олеснување во претходната анкета, при

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најдат на следнава врска: Временска серија по групи банки.

натамошно нето-зголемување на побарувачката, слично како и во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, но изразено послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но посилно во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, но умерено послабо во споредба со претходната анкета, при натамошно нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но умерено посилно во споредба со претходната анкета.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети услови за одобрување корпоративни кредити, како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на кредитите на претпријатијата, наспроти непроменетост во претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: непроменети кредитни услови како и во претходната анкета, при непроменетост на побарувачката на кредити за корпоративниот сектор, наспроти очекувањата за нето-зголемување на побарувачката во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, посилно во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: мало нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, наспроти нето-зголемувањето на побарувачката во претходната анкета.

- Очекувања за следниот квартал: натамошно нето-заострување на кредитните услови и нето-зголемување на побарувачката на кредити на домаќинствата, но посилно во споредба со претходната анкета.